РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БЕРОВО
Бр. 19-4139/1
19.11.2025 20__ год.
БЕРОВО

**ЗАПИСНИК**
**од првата форумска сесија**
**19.11.2025 година, Општина Берово**
**почеток во 12:00 часот**

**Вовед:**

Првата форумска сесија се одржа во големата сала во општинската зграда на општина Берово во периодот од 12:00 до 14:00 часот. Претставни од институции беа поканети со соодветни покани додека граѓаните беа поканети преку објава на социјалните мрежи и официјалната веб страна на општината.

На првата форумска сесија присуствуваа 61 граѓани на Општина Берово:

| ВКУПНО: | Жени: | Мажи: |
|---|---|---|
| 61 | 30 | 31 |

***Дневен ред***

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Добредојде на присутните<br>Кратка презентација за запознавање со целите на БУЏЕТСКИОТ ФОРУМ и начела за работа на форумот | 12:00-12:15 |
| 2. | Презентација за процесот на буџетирање на Општина Берово (приходна и расходна страна) и преглед на буџетските програми | 12:15-12:45 |
| 3. | Утврдување на структурата на форумот / Утврдување на правила за работа на форумот / формирање на работни маси | 12:45-13:05 |
| 4. | Работа по маси и формирање на работно тело | 13:05-14:00 |
| 5. | Координација за следна форумска сесија | 14:00 |

**Тек на сесијата:**

## Т.1. Добредојде на присутните
## Кратка презентација за запознавање со целите на БУЏЕТСКИОТ ФОРУМ и начела за работа на форумот

Форумската сесија ја отвори модераторот Ирена Коловска која на присутните граѓани им посака добредојде на првата форумска сесија по што им се обрати Градоначалникот Петар Ружински заблагодарувајќи се на присутноста и искажувајќи уверување дека форумот ќе помине во најдобар ред. Ја потенцира важноста од одржување на форумските сесии за транспарентност и отчет на работата на општината но и како демократската алатка за граѓанско учество. Им посака успешна работа на првата форумска сесија за приоретизација на предлог проекти кои ќе произлезат како идеја од граѓаните, а за кој Градоначалникот и општинската администрација ќе се потрудат да бидат релаизирани. Ѓорѓи Пеовски, раководител на ЛЕР одделението пред присутните даде краток осврт за тоа што претставува форумот од кога се организира, која е целта на форумските сесии, како и важноста од граѓанското учество и формите за вклучување на граѓаните во процесот на донесување одлуки на локалнио ниво. Ги потсети присутните дека со првите организирани форуми се уреди центарот на градот, улицата Маршал Тито и плоштадот.

Потоа беше прочитан дневниот ред (копија од дневниот ред беше беше оставена на секоја маса на увид ) по кој ќе се реализира форумот и следеше појаснување на целите и задачите на форумот. Пред присутните беа истакнати начелата за работа за правилно функционирање на форумската сесија.

## Т.2. Презентација за процесот на буџетирање на Општина Берово (приходна и расходна страна) и преглед на буџетските програми

Потоа следуваше презентација од страна на Татјанка Муртовска – Советник одговорен сметководител во Оддлението за финансиски прашања која низ своја презентација не запозна со процесот на изготвување на општинскиот буџет,структурата на Буџетот на општината како и програмите според кои подоцна во сесијата ќе се формираат работните маси. Присутни имаа можност да се информираат за капиталните проекти во 2024 и 2025 год како и за изградбата на кино салата која се очекува да заврши во текот на 2027 година. Во текот на презентацијата Муртовска одговараше на поставени прашања од страна на граѓаните за буџетот и буџетските ставки со што на граѓаните им беше појаснето креирањето на буџетот.

## Т.3. Утврдување на структурата на форумот / Утврдување на правила за работа на форумот / формирање на работни маси

Во рамките на оваа точка, модераторот ја објасни постапката за утврдување на работни маси за структуирање на форумот односно дека работните маси се главната алатка преку која работи Форумот.

Ги повика граѓаните да се определат на која работна маса ќе седнат согласно нивниот интерес, согласно општинските програми според кои се планираат активностите и се креира општинскиот буџет. Присутните граѓани на форумот избираа помеѓу следните работни маси:

1. **ЛЕР И ТУРИЗАМ**
2. **СОЦИЈАЛА И ОБРАЗОВАНИЕ**
3. **КУЛТУРА**
4. **МЛАДИ И СПОРТ**
5. **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ (патишта, улици, водовод и канализација)**
6. **УРБАНА ОПРЕМА, ЈАВНИ ПОВРШИНИ И ОСВЕТЛУВАЊЕ**
7. **ТППЕ**

Учесниците во форумот, по сопствено убедување се поделија на 7те работни маси

## Т.4 Работа по маси и формирање на работно тело

Од страна на модераторот беше истакнато дека работните маси се главната алатка преку која работи Форумот.

Сите учесници на Форумот во рамките на работните маси имаат право да го кажат своето мислење и заднички да донесат одлука по одредено прашање и како став на работната група да го презентираат пред форумот.

Сите добија насоки дека треба да излистаат предлог проекти за одередена област согласно РМ и полето на интерес. Се разбира им се посочи дека е корисно да разговарат на ниво на работна маса кои се приоритетите во областа или местото на живеење.

Согласно агендата работата по РМ траеше околу 55 минути и присутните предлагаа и низ компромис во рамките на групата да одлучуваа за најмногу 5 предлог проекти и најмогу 3 препораки кои подоцна ќе ги презентираат пред присутните. Тим од општинската администрација континуирано ги посетуваше масите, помагаше доколку имаше потреба и цело време беше на располагање за конкретни прашања од страна на учесниците во форумот. Претставниците од работните маси посветено и енергично разговараа за проблемите и предлагаа решенија кои претставник од секоја работна маса ги презентираше пред присутните

# Предлози по работни групи од Првата форумска сесија

| | |
|---|---|
| **1.ЛЕР И ТУРИЗАМ** | |
| 1 | Изградба на градски базен со олимписки димензии |
| 2 | Доизградба и уредување на кејот до црквата Света Богородица како и уредување на речното корито |
| 3 | Да се изнајде решение за локалитетот "ЈУОВЕЦ" кој пропаѓа со секоја година |
| 4 | Да се изнајде решение со објектот на стара стопанска банка кое ќе биде во интерес на сите граѓани |
| 5 | Кучињата скитници претставуваат комплексен општествен и хуманитарен проблем за чие надминување мора да се најде координиран пристап |
| **2.СОЦИЈАЛА И ОБРАЗОВАНИЕ** | |
| 1 | Реконструкција на дел од градскиот парк наменет за детска игра и рекреација односно промена на реквизитите и обезбедување на истите како и поставување на видео надзор |
| 2 | Набавка на возило за достава на храна за потребите на ОЈУДГ "23 Август" – Берово |
| 3 | Изградба на инклузивно игралиште и нов влез во дневниот центар за лица со ментална и телесна попреченост |
| 4 | Замена на старите школски клупи и столчиња со нови во ООСУ Дедо Иљо Малешевски и ОСУ Ацо Русковски |
| 5 | ПРЕПОРАКА - Пренамена на подрачните училишта во с. Смојмирово и с. Владимирово во домови за стари лица |
| **3.КУЛТУРА** | |
| 1 | Промена на водоводната мрежа и реконструклција на тоалетот во домот на култура "Димитар Беровски" во Берово |
| 2 | Инсталирање на греење во изложбената сала на градскио т музеј |
| 3 | Реконструкција на приземната просторија во градскиот музеј во Берово и адаптација на истата за организирање на активности за промоција на локалната култура и традиција. |
| **4.МЛАДИ И СПОРТ** | |
| 1 | Изградба на затворен градски базен |
| 2 | Вклучување во спортот на лицата и децата со попреченост преку нивно членување во ФК Малеш и организирање на заеднички активности со останатите групи од клубот. |
| 3 | Организирање на настани за младите од културно забавен карактер |
| **5.КУМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | |
| **С. Русиново** | |
| 1 | Доизградба и реконструкција на ул. Партизанска во с. Русиново |

| | |
|---|---|
| 2 | Доизградба на ул. Никола Петров во с. Русиново |
| 3 | Изградба на ул. 11 Октомври во с. Русиново |
| 4 | Изградба на ул. Младинска во с. Русиново |
| 5 | Проширување на локалниот пат на потег од Цердови воденици до с. Русиново (до мегдане) |
| 6 | Уредување на централното подрачје (мегдане) во с. Русиново |
| 7 | Реконструкција на спортските терени кај ООУ Никола Петров Русински во с. Русиново |
| 8 | Прочистување на шумските пристапни патишта со цел заштита од шумски пожари |
| 9 | Доизградба и санација на канализационата мрежа во с. Русиново |
| **С. Ратево** | |
| 1 | Доизградба на канализација со вклучување на ул. Гоце Делчев во канализационата мрежа во с. Ратево |
| 2 | Поправка на патот од с. Ратево накај м.в Ардакин поради заштита од шумски пожари |
| 3 | Канализирање на каналот на ул. Маршал Тито кај м.в Мачевки |
| **С. Смојмирово** | |
| 1 | Промена на азбестната водоводна мрежа во с. Смојмирово |
| **Берово** | |
| 1 | Изградба на скали од ул. 15 Корпус во насока спрема двете беззимени улици во Берово (на овие улици живеат 7 семејства на кои им е потребна пристапноста и условите за движење) |
| 2 | Реконструкција на ул. Ѓорѓи Димитров и изградба на тротоари на истата во Берово. |
| 3 | Изградба на ул. 4 јули во Берово |
| 4 | Изградба на тротоари на ул. Илинденска во Берово |
| 5 | Асфалтирање на кракот во т.н. Абланица од мостот на Епрефдол до патот кај Цацин. |
| 6 | ПРЕПОРАКА – Набавка на теренско возило за потребите на ЈПКР Услуга – ВБерово за непречено извршување на комуналните услуги надополнето со приклучок со машина за чистење на канализационата мрежа. |
| **6.УРБАНА ОПРЕМА, ЈАВНИ ПОВРШИНИ И ОСВЕТЛУВАЊЕ** | |
| 1 | Санирање на постоечките лежечи полицајци и поставување на посовремени и попрактични |
| 2 | Да се исчисти дивата депонија кај гробиштата наспроти старата гимназија |
| 3 | Да се реконструираат паркинзите кај автобуската станица и кај камбанеријата во центарот на градот и истите да се доделат да со нов стопанисува приватна фирма. |
| 4 | Уредување на паркингот околу ЈЗУ Здравен дом Берово |
| 5 | Изградба на улица на м.в. Манакија (моментално е невозможно да се сикачи ниту |

| | |
|---|---|
| | едно возило а децата немжат да се движат таму) |
| 6 | ПРЕПОРАКА – Да се обезбеди апарат за мамографија за потребите на граѓаните на Општина Берово |
| 7 | ПРЕПОРАКА – Доделување на земјиште, без надомест за изградба на згради за семејно домување на физички лица кои би биле обврзани со рок од две години да отпочнат со градба и истиот да не се отуѓува во рок од десет години |
| 8 | ПРЕПОРАКА - Ул. 8ми март доколку не е завршена да се поврзе со паркингот помеѓу двете згради односно да се обезбеди влез и излез особено за потребите на социјалната зграда со што ќе се овозможи и олесни пристапот за жителите од зградите но и за возилата. Доколку е завршена согласно проект да се прошири и да се поврзе со паркингот помеѓу двете згради |
| 9. | ПРЕПОРАКА – Да се зголемат средствата за субвенционирање на настани и активности организирани од страна на локални здруженија на граѓани и дел од тие активности да се вметнат во општинскиот календар на настани |
| **7.ТППЕ** | |
| 1 | Реконструкција на културниот дом во с. Смојмирово |
| 2 | Основна техничка ПП опрема (преносна пумпа за вода, полнач за дишни апарати, ПП црева, спојки, грбна дувалка и сл.) за потребите на ТППЕ Берово |
| 3 | Санација на водоводот во с. Двориште |
| 4 | Проширување и одржување на патот од м.в. Студенецо до с. Двориште |
| 5 | Реконструкција на постројките за патници на територија на општина Берово. |
| 6 | ПРЕПОРАКА – Да се направи пешачка патека од влезот на с. Смојмирово од главниот пат до излезот што води накај с. Чифлик |
| 7 | ПРЕПОРАКА – Да се обезбеди достапност на жителите на с. Смојмирово до своите домови покрај реката до семејната куќа на фам. Џалевски |
| 8 | ПРЕПОРАКА – Асфалтирањена у. Пролетерска во Берово |

По завршувањето на презентациите се формира работно тело, при што на присутните им беше детално објаснета неговата улога во понатамошниот тек на процесот, односно работното тело помеѓу двете сесии ќе треба да ги обработи, систематизира и приоритизира предлозите на граѓаните од првата сесија, и да подготви материјали за втората форумска сесија.
За членови на работното тело се пријавија доброволци, што претставува важен чекор кон обезбедување транспарентност, инклузивност и континуирано учество на заедницата во буџетскиот процес.

## Т.5. Координација за следна форумска сесија

На крајот на присутните им беше презентирано за целите и резултатите како резиме пред крајот на сесијата:

Целите на првата сесија се:

* Да се структурира форумот;
*Да се информираат учесниците за форумскиот процес;
*Да се структуираат работните маси
*Да се идентификуваат клучните приоритети во избраната област по работни маси согласно буџетските програми

Резултати од сесијата:

*Процесот на работа и одлучување е јасен за сите учесници;
*Воспоставена е структурата на форумот;
* Избрани се приоритети за дискусија на форумот;
*Идентификувани и групирани се приоритетни проблеми,
*Формирано е тело за работа меѓу сесии (работна група)

Пеоски ги објасни правилата за гласање и можноста за лобирање потенцирајќи дека право на глас имаат само лицата кои ќе бидат присутни да двете форумски сесии.

Првата буџетска форумска сесија заврши успешно, во позитивна и продуктивна атмосфера. Присутните учесници активно работеа во рамки на своите работни маси и со голема посветеност ги презентираа резултатите од групната работа. Енергијата и ангажираноста на учесниците придонесоа за конструктивна дискусија и јасно дефинирање на приоритетите.

Модераторот во име на целиот општински тим им се заблагодарија на присутните за нивното учество и ги поканија на следната форумска сесија, која заеднички се договори да биде следната недела односно на 03.12.2025 год.

Со ова, сесијата официјално беше затворена, а понатамошните активности ќе продолжат согласно договорената динамика.

*Прилог на овој записник се општиот список на присутни како и списоците по работни маси.

**Записникот го подготви:**
Ирена Коловска

Датум: 20.11.2025 г.